Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 25.07.2018 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 109404, 110510, 110875, 110923 и 110856 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје со адреса на Кеј 13-ти Ноември бр.6 во Скопје, по барање на корисникот.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 109404, 110510, 110875, 110923 и 110856 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје со адреса на Кеј 13-ти Ноември бр.6 во Скопје.

Корисникот Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје достави барање број УП1 бр.0802-722 од 17.07.2018 година за отповикување на одобренијата за користење на фреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 109404, 110450, 110510, 110875, 110923, 110499 и 110856. Агенцијата не може да ги отповика одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 110450 и 110499 од причина што овие одобренија се веќе отповикани со решение УП1 бр.0802-1112 од 18.09.2017 година и решение УП1 бр.0802-1340 од 20.11.2017 година, респективно.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: УП1 бр.0802-722
Скопје, 25-07-2018

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство

Дигитално потпишан
од Igor Bojadjiev
Agencija za elektronski komunikacii